

Медитеранот е една од најпосетуваните туристички дестинации во светото, но притоа и една од најзагадените меѓу нив. Голем дел се должи на нафтеното загадување на воздухот и животната средина воопшто.

Ова е причина меѓународната организација Mediterannean Information Office - Education for culture and sustainable development (MIO-ESCDE) со седиште во Атина, Република Грција да ја иницира кампањата Mediterannean Action Day во декември.

Во рамките на оваа меѓународна соработка, членовите на невладината организација Биосфера во партнерство со НУУБ „Св.Климент Охридски„ - Битола го спроведуваат проектот „Одржливо производство и потрошувачка за заштита на Медитеранот“.